Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 91/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21.03.2024 година, врз основа на примена жалба од лицата Билјана Радева и Миле Бошњаковски го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека жалбата на лицата Билјана Радева и Миле Бошњаковски за текстот насловен „Бошњаковски и Радева од кабинетот на Пендаровски прават тешка злоупотреба на институцијата претседател“ објавен во порталот Експрес, е основана.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), лицата Билјана Радева и Миле Бошњаковски поднесоа жалба за текстот со наслов „**Бошњаковски и Радева од кабинетот на Пендаровски прават тешка злоупотреба на институцијата претседател**“ објавен на 05.03.2024 година во порталот Експрес.мк (https://www.expres.mk/%d0%b1%d0%be%d1%88%d1%9a%d0%b0%d0%ba%d0%be%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b5%d0%b2%d0%b0-%d0%be%d0%b4-%d0%ba%d0%b0%d0%b1%d0%b8%d0%bd%d0%b5%d1%82%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf/).

Во жалбата се наведува дека текстот има прекршувања по следниве основи: Неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Според жалителите, порталот Експрес „Во објавениот текст тврди дека генералниот секретар и заменик генералниот секретар на Кабиентот се автори и дозволиле да се објави соопштение од страна на Кабинетот во кое се напаѓа противкандидатот на претседателот Пендаровски во изборниот процес 2024 година. Во текстот исто така се тврди дека ние вршиме тешка злоупотреба на службената функција, тврдење кое е лажно, неточно и неосновано. Со текстот се врши неточно и нефер известување, се врши напад на личноста и се изнесуваат наводи кои не се точни, а притоа не е побарано ни мислење од втора страна за да се утврди што е факт“.

Жалителите известуваат дека на 6 март во име на кабинетот на претседателот на државата упатиле демант до редакцијата на Експрес за повлекување на текстот, но тој не е повлечен.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Експрес. мк  и побара да се изјасни во однос на наводите на жалбата.

Медиумот  не одговори околу наводите во жалбата.

## ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е ОСНОВАНА, односно дека во текстот се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 март 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата одлучи дека има прекршување на член 1 од кодексот во кој се вели „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.

Во текстот не се наведува датумот на објавување на соопштението, ниту се повикува на некој официјален линк, па вака напишаниот текст публиката ја носи во заблуда дека Радева и Бошњаковски добиваат плата од народни пари за да водат кампања за Пендаровски**.**

Комисијата при разгледување на овој предмет увиде дека во објавите на други медиуми стои дека такво соопштение е испратено од Изборниот штаб на кандидатот Пендаровски, а не од Кабинетот на Претседателот на државата.Според тоа, не е точно тврдењето на медиумот дека соопштението е испратено од Кабинетот на претседателот на државата. Не можат да се најдат податоци дали Радева и Бошњаковски учествуваат во работата на Изборниот штаб. Ако медиумот се сомневал дека тие работат паралелно и во Изборниот штаб, требало да обезбеди докази и да ја праша втората страна односно Радева и Бошњаковски, што е императив за новинарите, кога за некоја страна се изнесуваат сомневања, критики, напади или обвинувања.

Комисијата одлучи дека е прекршен и членот 3, во кој се вели **„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата“.**

Имено жалителите во поднесената жалба приложија текст од упатениот демант, што редакцијата одбила да го објави, со што прекршува еден од важните професионални стандарди, кој е во функција на заштита на оштетените страни од нетоточно и необјективно известување.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk  info@semm.mk  (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595